# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЦЕПРОСАРД ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, април 2022

CeProSARD

# СОДРЖИНА


1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ ........ 1
2. ЦЕЛИ ........ 1
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ........ 1
4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2021 ........ 1
4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ........ 1
4.2 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА ........ 1
4.3 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 1
4.4 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ........ 1
5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ........ 1
6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ........ 1
7. ВМРЕЖУВАЊЕ ........ 1
8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА ........ 1
9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 1
9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 1
9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ ........ 1

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) е невладина, непартиска и непрофитна организација која дејствува на целата територија на земјата. Организацијата е основана во 2008 година на иницијатива на група граѓани – професионалци од областа на земјоделството и руралниот развој, заштитата на животната средина, техничките струки и економските науки, кои ја идентификуваа неопходноста од комплексни општествени промени во поддршка на зачувувањето на животната средина и ублажувањето на климатските промени, со фокус на одржливиот развој.

**Визија**

Визијата на ЦеПроСАРД е да бидеме професионален и сигурен партнер во креирањето и имплементацијата на политиките за постигнување на целите за одржлив развој на национално и локално ниво, како ефективен начин за да се направат трансформациски промени кои придонесуваат за создавање подобро општествено опкружување за идните генерации.

**Мисија**

Нашата мисија е изградба на инклузивно, одржливо и просперитетно општество преку активно вклучување на граѓаните во создавањето, спроведувањето и оценката на јавните политики за одржлив раст и развој.

**Развој**

Стратешки цели на организацијата се: промовирање на инклузивно, партиципативно и репрезентативно планирање на одржливиот развој втемелено на меѓународните стандарди за човекови права; и промовирање на механизми за соработка и партнерство кои обезбедуваат ефективо учество на граѓаните во креирање, имплементација и евалуација на јавните политики за одржлив развој на национално и локално ниво.

## 2. ЦЕЛИ

Здружението на граѓани ЦеПроСАРД се стреми кон постигнување на следниве цели:

- Подобрување на капацитетите за дијалог, соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и јавните институции со цел да се придонесе во имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој;
- Промоција на поширок граѓански ангажман во процесот на креирање политики и реформскиот процес, што ќе придонесе за одржлив развој на секторот животна средина и климатски промени и ќе има клучно влијание врз животот на граѓаните.
- подобрување на локалниот и на регионалниот развој во земјата;
- промоција и воведување на одржливи практики во развојот на руралните области и во развојот на земјоделството и производството на храна;
- промовирање на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност секаде каде што е тоа возможно;
- заштита на животната средина во согласност со начелата на одржлив развој;
- заштита на природата;
- митигација и адаптација кон климатските промени и нивното намалување;
- зачувување на културното наследство;
- интегрирање на трансверзалните теми на родови прашања, ранливи и маргинализирани групи, лица со посебни потреби во сите области на нашето делување.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Здружението „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој“ (ЦеПроСАРД) од Скопје дејствува преку следниве органи:

3.1. Собрание
3.2. Извршен одбор
3.3. Надзорен одбор
3.4. Советодавно тело
3.5. Извршен директор

**Организациска шема на ЦеПроСАРД**




**Собрание**

Собранието го сочинуваат **дваесет и четири члена**. Членовите дејствуваат како активни, придружни и почесни членови.

**Извршен одбор**

Извршниот одбор, како извршен орган составен од активните членови на здружението, во 2021 година работеше во состав:

- м-р Светлана Петровска, Извршен директор;
- м-р Ивана Петкановска, Програмски директор;
- Теа Тевева, Раководител на сектор за локален развој.

**Советодавно тело**
Советодавното тело е избрано од редот на експерти од соодветните области, како стручна помош за тековното работење на здружението.

**Надзорен одбор**
Надзорниот одбор како орган на Собранието е составен од тројца активни членови:

- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Љупка Глигорова, дипл. инженер за заштита на животна средина;
- Емилија Попагиновска, дипл. инженер за заштита на животна средина

**Извршен директор**
Извршниот директор на ЦеПроСАРД, м-р Светлана Петровска, заедно со тимот во извршната канцеларија во 2021 година учествуваше во реализацијата на одлуките на Собранието.

Во согласност со одлуките, беше составен тим, кој работеше на имплементација на проекти и активности на локално, регионално и национално ниво. Во овој тим беа вклучени:

- м-р Светлана Петровска, дипл. град. инженер;
- м-р Ивана Петкановска, дипл. инж. архитект;
- Теа Тевева, дипл. економист
- Александар Авросиевски, град. инженер
- Ангелика Ѓоргон, дипл. инж. архитект
- М-р Ивана Топаловска Јовичиќ, дипл. инж. архитект
- Искра Кацарска, дипл. економист
- м-р Гордана Пецељ, дипл. економист (до февруари 2021)

**Извршна канцеларија**
ЦеПроСАРД во 2021 година работеше со седум редовно вработени лица и тоа: магистер од областа на животната средина – дипломиран градежен инженер, магистер по архитектура и одржлив дизајн – дипломиран инженер архитект магистер по економија, магистар по архитектутра – дипломиран инженер архитект, магистер по економија, дипломиран архитект со специјалност во областа на просторното планирање, двајца дипломирани економисти од кои еден со специјалност во дигитален маркетинг, еден градежен инженер. Покрај тоа, во текот на изминатата година согласно потебите беа ангажирани и голем број надворешни соработници, како поединци или стручни тимови на експерти, во зависност од тековните и планираните активности и проекти.

Реализацијата на задачите се спроведува согласно следната структура по сектори:

i. **Сектор за заштита на животната средина**
   - одделение за природа;
   - одделение води и отпад;
   - одделение за индустриско загадување и ризик.

ii. **Сектор за енергија и клима**
   - одделение  за енергетска ефикасност;

- одделение  за обновливи извори на енергија;
- одделение за енергетска контрола.

iii. **Сектор за локален развој**
- одделение за претприемништво;
- одделение за културно наследство;
- одделение за туризам.

iv. **Сектор земјоделство и рурален развој**
- одделение за земјоделство;
- одделение за рурален развој.

v. **Сектор за социјална инклузија**
- одделение за родова еднаквост;
- одделение за поддршка на лица со посебни потреби;
- одделение за поддршка и вклучување на млади и поттикување на волонтерство.

vi. **Финансии и администрација**
- одделение за финансиско управување;
- одделение за администраттивни работи и човечки ресурси.

vii. **Комуникација и информирање**

ЦеПроСАРД во 2021 година работеше на реализација на повеќе проекти и како консултант на приватниот и јавниот сектор.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2021

## 4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

### Проект: Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР

**Опис на проектот:** Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иноватини социјални услуги. Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со посебни потреби кои живеат во резиденцијални институции, преку нивно раселување во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социајлни услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот.

**Специфични цели:**

- Воспоставување на услови за процесот на деинституционализација;
- Раселување на лица со попреченост во во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата;
- Обезбедување иновативни социјални услуги за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството;
- Подигање на јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот

**Целна група и крајни корисници:** лицата со попреченост и нивните семејства, единици за локална самоуправа, национални институции и ГО кои работата во областа на социјалните аспекти.

**Активности:**

- AC PM. Проектен менаџмент и координација;
- AC1. Воспоставување услови за процесот на деинституционализација на лицата со попреченост;
- AC2. Обезбедување на услуги за живеење со поддршка во заедницата;
- AC3. Обезбедување на иновативни социјални услуги засновани на заедницата;
- AC4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати

**Очекувани резултати:**

- R1. Оформени единици за живеење со поддршка во заедницата, зголемено знаење и капацитети на стручни лица - асистенти за поддржано живеење на лица со попреченост, како и подготвени лица со попреченост за процесот на деинституционализација;
- R2. Раселени корисници од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата;

- R3. Развиени и имплементирани иновативни специјализирани индивидуални услуги преку окупациона хортикултурна терапнија;
- R4. Зголемена јавна свест за предностите на процесот на деинституционалнизација на лицата со попреченост и нивна активна инклузија во општествениот живот.

**Партнери на проектот:**
- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
- ЈУ Специјален Завод Демир Капија;
- Општина Демир Капија;
- Фондација Лоза, Шведска

**Проектот се спроведува** во рамките на Акциската програма на ЕУ за поддршка во образованието, вработувањето и социјалната политика, ИПА II 2017.

**Период на спроведување на проектот:** 02.01.2020 – 01.01.2023 година

**Клучни постигнувања во изминатиот период:**
Во рамки на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР", финансиран од Европската Унија целиме кон овозможување на создавање услови за процесот на одржлива деинституционализација и воспоставување на социјални услуги базирани во заедницата низ целата земја, подобрување на социјалниот статус на лицата со попреченост кои живеат во пошироката заедница и нивно независно живеење. Во период на пандемија со КОВИД 19 изработивме и во јануари 2021 објавивме видео наменето за лицата со попреченост, за #секојоднас! Како наједноставно да го спречиме ширењето на корона вирусот. Дневно потсетување да ги следиме советите од Светската здравствена организација. Видеото беше финансиски поддржано од проектите на [ KMOP Skopje People in Need ] и промовирано со пораката "Споделете, бидејќи никој не е безбеден додека не се заштитени #СИТЕ!"

За реализација на поставената цел во 2021 година потпишавме Меморандум за соработка со Здружението за лица со церебрална парализаи други попречености (ЗЛЦПДП) –Велес од Велес. Со потпишаниот Меморандум за соработка на 05.04.2021 во просториите на Здружението во Велес, целиме кон заедничка соработка и развивање на социјални услуги во заедницата како и поддршка на Здружението во процесот, за станување на лиценцирана и овластена организација од МТСП за вршење на социјални дејности. Со овој чекор сакавме да ги поттикнеме, мотивираме и охрабриме локалните организации низ целата земја кои работат и делуваат во социјалните аспекти, да бидат идни даватели на социјални услуги во заедницата. По потпишувањето на меморандумот за соработка започнавме со терански активности за адаптација на првата едиица за живеење со поддршка во Велес во која давател на социјалната услуга ќе биде ЗЛЦПДП – Велес од Велес.

На 29.06.2021 година во просториите на Депандансот на ЈУ Специјален Завод Демир Капија (СЗДК), во Демир Капија се одржа состанок на групата за координација и соработка помеѓу четири проекти финансирани од ЕУ во Северна Македонија, кои во моментов го поддржуваат воспоставувањето на социјални услуги во заедницата и спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација. На состанокот, во присуство на претставници од Министарството за труд и социјална политика, (Министерство за труд и социјална политика); Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија (Delegation

of the European Union, Skopje) и раководството и вработените во Специјалниот завод Демир Капија, се разговараше за постигнувањата во процесот на деинституционализација, релевантните тематски области во процесот и идните можности за меѓупроектна соработка.

Во 2021 година отворивме 2 стамбени единици за живеење со поддршка на лица со интелектуална попреченост во заедницата во рамки на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка" – ТИМОР и тоа по еден во Неготно и Демир Капија за кои давател на услуги за живеење со поддршка е тимот на Специјалниот Завод Демир Капија. На 11.11.2021 година Лила, Јове, Светлана, Јетон и Славејко се преселија во својот нов дом во Демир Капија од Специјалниот Завод Демир Капија. Преку услугата живеење со поддршка во заедницата, корисниците на Заводот ќе имаат подобри услови за живот, а стручниот кадар во стамбените единици преку секојдневните активности ќе работи и на активна инклузија на лицата со попреченост во средината во која живеат.  За двете стамбени единици десет негуватели, дополнително работно ангажирани преку проектот ТИМОР и поддржани од стручни лица од СЗДК, ќе обезбедуваат 24 часовна грижа за лицата со попреченост и ќе им помагаат да се вклучат во оштетсвото.

На 23 ноември, преку ZOOM платформата се одржа третиот од четирите предвидени состаноци на Насочувачки комитет во рамки имплементацијата на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка" – ТИМОР.Состанокот го отвори проектниот менаџер, а свое обраќање имаше и г-дин Томислав Цветковски од Министерството за труд и социјална политика.Дел од тематиките кои беа опфатени во дискусијата беа имплементираните активности во изминатите 6 месеци од проектната имплементација, со посебен акцент на изборот и состојбата на терен за нови станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, соработка со Специјалниот Завод Демир Капија во процесот на подготовка на корисниците за процесот на деинституционализација, како и изборот и стручноста на кадарот кој ќе биде ангажиран во малите групни домови. На состанокот се дискутираше и за условите за работа во доменот на давање социјални услуги - живеење со поддршка во заедницата, заинтересираноста на организации на пазарот за работа во овој домен и условите и соработката со надлежните институции и креаторите на политиките.На состанокот покрај претставници на членовите на конзорциумот, присуствуваа претставници од Европската Делегација, Министерството за труд и социјална политика, Македонско Монтесори Здружение, Здружението за лица со церебрална парализа и други попречености - Велес, претставник од Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот Факултет, Скопје и Центарот за образование на возрасни - ЦОВ.



Слика 1 - Потпишан меморандум за соработка со приватен давател на социјална услуга за живеење со поддршка



Слика 2 - Започната реконструкција на стамбена единица во Велес



Слика 3 - Конфорни услови за живеење во стамбена единица во Демир Капија



Слика 4 - Преселба на лица со попреченост во стамбена единица за живеење со поддршка





Слика 5 и 6- Соработка со претставници на МТСП и останатит проекти кои работат во процесот на деинстутиционализација на лицата со попреченост – координативен состанок одржан на 29.06.2021 година во просториите на Депандансот на ЈУ Специјален Завод Демир Капија, во Демир Капија

**Промоција на проектните активности:**

https://www.facebook.com/CeProSARD/videos/235098971519593

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=639

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Galerija_info.aspx?cid=635

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=629

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=628

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Galerija_info.aspx?cid=621

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=622

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=617

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=614

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=603

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=602

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=599

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=595

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=594

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=591

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=585

## Проект: Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе

**Опис на проектот:**
**Општа цел** на проектот за поддршка на развојот на нови и постоечки социјални претпријатија за подобрување на нивната економска независност преку следење на принципот „не оставај никој зад себе", е да ги подобри оперативните капацитети и одржливоста на постојните и новите социјални претпријатија и да создаде нови работни места за ранливите луѓе и лица со посебни потреби.

Проектот ќе придонесе за поволни услови за работа на социјалните претпријатија, преку поддршка за основање нови и подобрување на оперативниот капацитет на најмалку 6 социјални претпријатија, а воедно ќе поддржи ново вработување на најмалку 9 лица од ранливи групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени). Со оглед на потребите и ограничувањата на државно ниво, главните ограничувања во државата се недостатокот на знаење и свест за социјалното претприемништво и недостатокот на соработка помеѓу социјалните претпријатија, јавните институции и приватниот бизнис.

**Специфични цели:**

- Поддршка за основањето нови и развој на постојни социјални претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;
- Подршка на вработувањето на ранливите групи граѓани со што се создаваат нови и одржливи работни места следејќи го принципот – "не оставај никој зад себе";
- Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија/ГО, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

Целна група и крајни корисници на проектот се социјални претпријатија/граѓански организации кои се ангажирани во оваа област, социјално ранливи лица (лица со посебни потреби, жени во ризик и долгорочно невработени) и нивните семејства, локални бизниси, општини и национални владини институции.

Имплементацијата на проектот е организирана во следните **работни пакети на активности**:

- РП0. Почетна фаза;
- РП1. Поддршка на социјалните претпријатија и вработувања;
- РП2. Поддршка за вработувања на ранливи групи;
- РП3. Соработка помеѓу социјални претпријатија/ГО, локални бизниси и општини;
- РП4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати;

**Очекувани резултати** кои се очекува да се постигнат со проектот се:

- Р0. Успешно спроведени проектни активности и координација со релевантните чинители;
- Р1. Поддржани социјални претпријатија и подобрен квалитет на нивните услуги и производи за стабилен економски раст;
- Р2. Поддржано вработување на ранливи групи граѓани и лица со попреченост следејќи го принципот „Не оставај никој зад себе";
- Р3. Стимулиран зелен економски раст, заштита на животната средина и подобрени социјални услуги преку воспоставена плодна соработка и вмрежување помеѓу социјални претпријатија/социјални граѓански организации, локалните бизниси и општините;
- Р4. Подигната јавна свесност за предностите од развојот на социјални претпријатија и вклучувањето на ранливите групи граѓани и лицата со попреченост во заедницата;

**Период на имплементација на проектот:** 01.12.2021 - 31.05.2023 (18 месеци)

**Промоција на проектните активности:**

На 19 ноември 2021 година, претставници од нашата организација учествуваа на настанот за отворање на Центарот за социјални претпријатија и Првиот национален саем за социјални претпријатија во Скопје. Претставници на ЦеПроСАРД учествуваа на панел дискусијата за презентација и промоција на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" што започнува во декември 2021 година.

На 07.12.2021 година, претставници на ЦеПроСАРД остварија работна средба со градоначалникот на општина Карпош - г-дин Стевче Јакимовски.
На средбата, пред градоначалникот беа презентирани активностите на ЦеПроСАРД во два проекта:

- Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР, и
- Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе

На 16 декември 2021 година, проектниот тим на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" и директорот на Агенцијата за промоција на претприемништвото на Република С. Македонија имаше работен состанок на кој беа презентирани целите и активностите на проектот..

Проектниот тим за имплементација на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" на 17.12.2021 година оствари работна

средба со претставници на Министерството за труд и социјална политика преку онлајн платформата ЗООМ. Целта на средбата беше запознавање со проектните активности и целите во однос на поддршката на социјалните претпријатија на територијата на РСМ.

На 20 декември 2021 година, проектниот тим и претставниците на Центарот за развој на Скопскиот плански регион одржаа работна средба на која ги презентираа проектните активности и ја објаснија улогата на членовите на Насочувачкиот комитет на проектот. Се разговараше за можностите за заедничко делување во однос на реализацијата на активностите и соработката со општините на територијата на Град Скопје како и со социјалните претпријатија.



Слика 7 - Средба со градоначалникот на општина Карпош



Слика 8 - Средба со директорот на Агенцијата за промоција на претприемништвото на Република С. Македонија



Слика 9 - Средба со претставници на ЦРСПР

**<u>Промоција на проектните активности</u>:**

https://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=636

https://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=642

https://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=645

https://ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=647

## 4.2 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА

### Проект: ЗенХ Балкан - Болници на Балканот со енергија блиску до нула

**Опис на проектот:**
Во декември 2017 година, тимот на ЦеПроСАРД во рамките на програмата BalkanMed започна со реализација на проектот Кон нулта енергија болници во Балканскиот регион (ЗенХ Балкан) - Болници на Балканот со енергија блиску до нула.

**Главната цел** на проектот е да даде придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност на градежниот сектор особено на енергетската ефикасност на болниците. Освен тоа, проектот има за цел да го олесни спроведувањето на EPBD (Директива sa енергетски карактеристики на зградите 2010/31/EU) преку дефинирање на карактеристики и стандарди за згради со енергија близу до нула ZEN). Резултатите на проектот ќе можат соодветно да се пренесат и на други видови на градби. За да се постигне севкупната цел дефинирани се следниве специфични цели:

1. Дефинирање на модел на зграда со енергија близу до нула за специфични регионални климатски услови;
2. Подготовка на технички упатства за згради со енергија близу до нула за управата и техничкиот персонал на болницата;
3. Демонстрирање на техничка одржливост на зградите со енергија близу до нула и нивната профитабилност;
4. Унапредување на квалитетот на податоците за болничките згради во постојната база за згради;
5. Поддршка за градење капацитет на техничкиот персонал на болниците за згради со енергија близу до нула (ZEN) во јавниот и приватниот сектор;
6. Унапредување на научните сознанија за зградите и болниците со енергија близу до нула на ниво на Европа;
7. Информирање на јавноста за претстојните прописи за јавни и приватни згради со енергија близу до нула;
8. Поддршка во процесот на донесување одлуки за применливи технологии за болниците на регионално ниво и во процесот на воспоставување на национални политики за реновирање во постојните градежни објекти.

**Очекувани резултати** од проектот се:

1. Подготовка на стандарди и упатства за дизајн на зградите со енергија близу до нула;
2. Подобрување на техничкиот капацитет на техничкиот персонал на болниците и на владините службеници за концептот на зградите со енергија близу до нула;
3. Подготовка на детална анализа и тестирање на модели за надградба на 7 болнички згради во згради со енергија близу до нула кои ќе бидат подготвени да бараат финансиски средства за нивно спроведување.

**Целна група:** Професионални групи за ЕЕ и владини службеници
**Координатор на проектот:** Демокрит Универзитетот во Тракија, Одделот за инженерство на животната средина, Ксанти, Грција

**Покрај ЦеПроСАРД, партнери во проектот се и:**

1. Албафорест - Центар за шумарски студии и консалтинг, Албанија

2. Софија енергетски центар ДОО, Бугарија
3. Институт Кипар, Кипар

**Донатор:** ЕУ преку Секретаријатот на Европска комисија, ИНТЕРРЕГ Проект, Солун - Грција

**Времетраење на проектот:** Декември 2017 - Мај 2021.

**Клучни достигнувања:**

**ЦеПроСАРД организираше информативна сесија за можностите за имплементација на ЕЕ и ОИЕ во болниците и поставување одредници за исполнување на речиси нула енергетски стандарди за болниците**

На 11.03.2021 год., Тимот на ЦеПроСАРД во рамките на проектот „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија близу нула“ организира информативна сесија на тема „Можностите од имплементација на ЕЕ и ОИЕ во болници и поставување на репери за исполнување на енергетски стандарди за болници близу до нула“ која се одржа on-line на ZOOM платформата.

Кратко претставување на проектот и проектните активности даде г-а Светлана Петровска, извршен директор на ЗГ ЦеПроСАРД. Сесијата ја поздрави и даде вовед Д-р Аргиро Димоуди, Демокрит Универзитет во Тракија, Оддел за инженерство на животна средина, Ксанти, Грција - водечки партнер на проектот.

Беа опфатени темите:

- Значење и придобивки од употребата на репери (benchmark) при проценка на ЕЕ и ОИЕ кај болниците во земјата и на Балканот
- Резултати од поставувањето на репери за исполување на енергетски стандарди за болници близу до нула во РСМ (недостатоци и можности)
- Енергетско моделирање со имплементација на ЕЕ и ОИЕ мерки за постигнување на енергетски стандарди на болници блиску до нула
- Бенефити од користење на унифициран пристап при енергетско моделирање на болници за секторот здравство и МЗ

Свои презентации одржаа ангажираните експерти за енергетска ефикасност, по што се разви дискусија за презентациите. На сесијата со свои претставници учествуваа: Министерство за Здравство, Агенција за Енергетика, Министерство за Економија, Цементарница Усје, Енвирос проект Чешка, Евроконсалтинг надзор, Хабитат, ЕБРД, External experts of Sparkassenstiftung fur internationale Kooperation, МСИП, ЗЛЕК, Проект REPLACE SDEWES-Skopje, МАЦЕФ.

**Меѓународна конференција на тема “Болници со речиси нула енергија” во рамки на проектот “Болници на Балканот со енергија близу нула” - ЗенХ Балкан**

Повеќе од 200 луѓе од јавниот и приватниот здравствен сектор, академската и научната заедница, независни истражувачи, инженери и студенти присуствуваа на Меѓународната онлајн конференција насловена „Болници со речиси нула енергија“ на 19 март 2021 година.

Тимот на ЦеПроСАРД во рамките на проектот „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија близу нула” ги покани експертските организации кои работат во областа во

Република Северна Македонија да учествуваат на настанот. За време на конференцијата, повеќе од 15 главни говорници, како и експерти од земјите партнери - Грција, Бугарија, Република Северна Македонија, Албанија и Кипар - презентираа и потенцираа теми поврзани со создавање на енергетски ефикасни болници. Во рамки на вториот дел од проектната конференција, членовите на извршниот персонал и експерти од партнерските организации ги презентираа извршените активности и резултатите од проектот ЗенХ Балкан во земјите партнери - Грција, Бугарија, Република Северна Македонија, Албанија и Кипар. Конференцијата беше организирана во рамките на проектот ЗенХ Балкан „Болници на Балканот со енергија блиску до нула“, во рамките на Програмата за транснационална соработка Interreg V-B „Балкан - Медитеран“, кофинансирана од Европската Унија и националните фондови на земјите учеснички. .

**Промоција на проектните активности:**

https://www.ceprosard.org.mk/MK/Aktuelnosti_info.aspx?cid=592

https://bit.ly/3c17zT1

https://www.eceee.org/events/calendar/event/zenh-balkan-project-final-conference-entitled-towards-nearly-zero-energy-hospitals/

https://zenhconference.eu/







Слика 10 и 11 - Инфо сесија за можностите за имплементација на ЕЕ и ОИЕ во болниците и поставување одредници за исполнување на блиску до нула енергетски стандарди за болниците - платформа ЗООМ, 11 март 2021 г.






Слика 12 и Слика 13 - Меѓународна конференција на тема “Болници со речиси нула енергија” во рамки на проектот “Болници на Балканот со енергија близу нула” - ЗенХ Балкан, ЗООМ платформа 19 март 2021

## Соработка, со Министерството за образование и наука за подобрување на ЕЕ во 16 училишта во државата

Врз основа на барањето на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, ЗГ ЦеПроСАРД преку постапки на канцелариско истражување, теренски посети за утврдување на постоечката состојба на објектите и детална анализа подготви елаборати за извршени енергетски контроли на 16 објекти со вкупна површина од 45.617,00 $m^2$.

Енергетските контроли се направени со цел да се укаже на моменталната состојба и преку реконструкција да се подобри енергетската ефикасност на следните 16 основни училишта: Ѓорѓи Наумов, Битола; Св.Наум Охридски, Пештани; Христијан Карпош, Куманово; Браќа Рибар, Табановце; Вук Караџич, Куманово; 11 Октомври, Куманово; Пенестија, Дебар; Лирија, Вруток; Форина, Форино; Страшо Пинџур, Јосифово; Васил Главинов, Чаир; Прпарими, Чегране; Дитурија, Сарај; Ристе Ристески Ричко, Могорче; Јане Сандански (Јашар беј) Чаир и; Толи Зордумис, Куманово

Инвеститор: Министерство за образование и наука





Слика 14 и 15 - Фотографии од архивата на ЦеПроСАРД (работни материјали)

# 4.3 ЖИВОТНА СРЕДИНА

## Framework partnership Agreement with the EU in the area Environmental protection and Climate change

Европската комисија ја избра нашата организација како партнер од граѓанското општество во Република Северна Македонија, со која има заеднички генерални цели, со цел да се воспостави долгорочна соработка за влијание и насочување на реформите во јавниот сектор во приоритетната област „Заштита на животната средина и климатски промени“ преку програми засновани на докази, анализи, мониторинг и иницијативи за застапување. Двете страни потпишаа рамковен договор со цел да се придонесе кон целите на политиката на Унијата во оваа приоритетна област.

ЕУ ги поддржува ГО во регионот во зајакнувањето на демократијата, подобрување на системите за одговорност со цел подобрување на политиките и економски и социјален развој. Го поддржува зајакнувањето на граѓанското општество во исполнување на следните клучни улоги: создавање посилни врски со граѓаните преку вклучување во процесите за јавни политики, да допрат до општеството како целина вклучувајќи ги маргинализираните

групи и „грас-рут“ заедниците и граѓанскиот активизам во сите области; да станат професионални и доверливи партнери во процесот на креирање политики и реформи преку застапување засновано на докази во сите сектори; да придонесуваат кон зајакнување на одговорното лидерство во политичката, економската и социјалната сфера и обезбедување рано предупредување во случај на општествени промени, за зајакнување на економскиот развој и создавање подобри врски со деловната заедница преку промовирање на претприемништвото, социјалните иновации и создавањето работни места.

**Изработка на проектна документација за потребите на Друштво за производство, посредување, трговија и услуги ЗЕН-ТММ ДООЕЛ Скопје**

Друштвото за производство, посредување, трговија и услуги ЗЕН-ТММ ДООЕЛ Скопје како нова компанија на пазарот, со цел да започне со производство со иновативна технологија и да добие поддршка, побара помош при изработка на проектна документација од ЦеПроСАРД за да аплицира во Фондот за иновации и технолошки развој. ЦеПроСАРД ги изработи и достави сите потребни документи за апликација за проект за инструментот за поддршка: Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновациите, а компанијата аплицираше со подготвената документација.

Проектот резултираше со одобрен грант за барателот - Друштво за производство, посредување, трговија и услуги ЗЕН-ТММ ДООЕЛ Скопје.

## 4.4 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

**Консултантски услуги во рамки на проектот SmartRural, Пелагониски регион**

ЦеПроСАРД беше ангажиран од Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) како консултант за поддршка на претприемачи и индивидуалци од Пелагонискиот регион кои имаат иновативни бизнис идеи, со спроведување активности за подобрување на нивните капацитети и способност за користење иновативни можности и вмрежување на национало и меѓународно ниво..

Активноста која се реализираше во периодот април – мај 2021 беше дел од проектот Smart Rural Entrepreneurship, финансиран од програмата Балкан Медитеран и кој се имплементира од 8 партнер организации од 5 земји од регионот. Главна цел на проектот беше зајакнување на претприемништвото во руралните области во регионот на Балкан Мед со усовршување на моделот SmartRural со што се поттикнуваатт претприемачите да го користат потенцијалот на ИТ технологиите во својот бизнис и да се здобијат со неопходни вештини за подобрување на конкурентноста.

Резултати::
1. Развој и имплементација на пилот-активности за запознавање на крајните корисници (3 случаи) со алатките на бизнис моделот Smart Rural.преку консултации и обуки;
2. Обезбедување поддршка на претприемачи/невработени лица во развој на акциски

планови за нивните бизнис идеи (3 случаи), вклучително и поддршка за правни, даночни и други деловни прашања; и

3. Организирање на 4 онлајн работилници (10+ учесници/работилница) за дисеминација на моделот SmartRural, вклучително и подготовка на тренинг материјал. Работилниците се состоеја од следните тематски модули::

*Тематски модул 1 – Бизнис активности во рурални области:* 1. Вовед во European Rural Area; 2. Европски политики за рурален развој; 3. Претприемништво во рурални области; 4. Претприемништвото во предметната област и руралнта средина; 5. Проект SmartRural

*Тематски модул 2 – Искористување на бизнис моделот SmartRural и алатките за подобрување на конкурентноста на мали и средни претпријатија:* Тематски дел I – Модел SmartRural и негови алатки; Тематски дел II – Имплементација на бизнис моделот SmartRural.





Слика 16 и 17 - Работилници за дисеминација на моделот SmartRural

## ЦеПроСАРД ја предаде ИТ опремата набавена во рамки на проектот „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC“, на крајниот корисник ЦРППР. Опремата е наменета за вработените во Паметнот туристички инфо центар (STIC) во Тетово

На 20.04.2021 во Тетово, се одржа состанок на кој присуствуваа претставници на ЕУ делегацијата во Приштина, Зедничкиот технички секретаријат за прекугранична соработна помеѓу Република Северна Македонија и Косово, Кабинетот на градоначалникот на Општина Тетово, Центарот за развој на Полошкиот плански регион (ЦРППР), Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, Министерството за администрација на локалната самоуправа во Косово и ЦеПроСАРД. По настанот, на ЦРППР како краен корисник му беше предадена ИТ опремата набавена од ЦеПроСАРД во рамки на проектот FRET-STIC, наменета за вработените во Паметниот туристички информативен центар во Тетово која е неопходна за негово функционирање. Опремата беше тестирана преку интернет конекција и поврзана со веб-платформата изработена во рамки на истиот проект.

Проектот FRET-STIC беше имплементиран во периодот мај 2018 – октомври 2020 и финансиран од Европската Унија. Беше спроведен од ЦеПроСАРД во партнерство со Општина Тетово и Регионалната развојна агенција Југ од Косово.. Главна цел на проектот беше да се придонесе за развојот и промоцијата на локалниот и регионалниот туризам преку иновативни пристапи и системи за подобро рурално и еколошко искуство.

**Промоција на проектните активности:**

https://www.ceprosard.org.mk/EN/Aktuelnosti_info.aspx?cid=598





Слика 18 – Паметен туристички инфо центар (STIC) во Тетово

## 5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Информациите за активностите и проектите ЦеПроСАРД ги објавува редовно на својата веб страна www.ceprosard.org.mk, и на профилите на организацијата на социјалните мрежи www.facebook.com/CeProSARD/.

Организацијата издава и електронски билтен на квартално ниво, кој се дистрибуира електронски на голем број корисници. Сите броеви на електронскиот билтен се достапни и на веб страната на организацијата, исто како и сите документи, публикации и промотивни материјали кои се изработуваат во рамки на тековните активности.

Во зависност од потребите, информации се објавуваат и во печатените и во електронските медиуми, како и на веб-страниците на други домашни и странски организации, владини институции и невладини органицации и сл.

Информации за активностите и проектите на ЦеПроСАРД објавуваа голем број медиуми со што се постигнуваше исклучително висока информираност на целните групи и крајните корисници.

Освен националните и локалните телевизии, радијата, печатените и електронските медиуми, информации беа објавувани и на веб страните на институциите, социјалните мрежи на партнерските организации и соработниците, а истите во најголем број случаи беа споделувани и од останати корисници.

Дел од овие информациите се презентирани на следните фотографии:



https://www.facebook.com/CeProSARD/photos/3687636754589328/



http://opstinagpetrov.gov.mk/проектот-replace-ќе-помогне-за-примена-на/



http://opstinagpetrov.gov.mk/соработка-и-партнерство-на-граѓански/



https://makfax.com.mk/makedonija/специјалниот-завод-демир-капија-доби/







Слика 19 - Приказ на дел од медиумска промоција на проектите и активностите на ЦеПроСАРД

## 6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во 2021 година, тимот на ЦеПроСАРД работеше на сопственото зајакнување на капацитетите со тоа што вработените во ЗГ ЦеПроСАРД работеа на своето усовршување во областа во која работи и активно учествуваа на обуките:

- Обука за Лиценцирање на давателите на социјалните услуги, организирана од EPTISA во конзорциум со CARE која допринесе за споделување на искуствата помеѓу веќе лиценцираните провајдери на социјални услуги како и поттикнување на идни провајдери како даватели на овој тип услуги во заедницата;
- Работилница за промоција на социјалното претприемништво и основите на

маркетинг, Модул 1 - Изработка на грантови и добивање средства и Модул 2 - Промоција на основите за социјално претприемништво и маркетинг, организирани од страна на Eptisa на 15 и 16 Јуни 2021;

- Обука за генерирање фондови организирани од Граѓански ресурсен центар организирана во август 2021;
- Вебинар за Дигитален активизам: придобивки и алатки, организиран од Девелопмент Солушнс (ДеСо), во рамки на проектот Јакнење на капацитот на граѓанското општество за ИКТ-заснована општествена акција, поддржан од Balkan Trust for Democracy (проект на German Marshal Fund of the United States), на 06 јули 2021;
- SMACH Know-how Exchange Program за одржливо управување на културното наследство како одговор на климатските промени, кое се одржуваше онлајн од октомври 2021 – февруари 2022, во координација на Венецискиот меѓународен универзитет преку TEN Програмата за одржливост.

## 7. ВМРЕЖУВАЊЕ

**Вмрежување на локално и на меѓународно ниво**

- Мрежа за рурален развој на Република Македонија (МРР)– основач и член
- Здружение на лиценцирани енергетски контролори (ЗЛЕК) – основач и член
- Отворено владино партнерство (ОВП) - член
- Forum Synergies – член
- Natura 2000 Coalition - член
- ARC 2020 – член

## 8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

CeProSARD континуирано работи на проширување на својата мрежа на соработници во областите во кои работи на локално, регионално и меѓународно ниво. Нашите партнери доаѓаат од различни сектори: НВО, бизнис заедницата, различни образовни и научни организации, владини институции, но исто така вклучуваат и индивидуалци. Нашата цел е да го зголемиме влијанието кон позитивни реформи во областа на нашето делување – одржлив развој со фокус на заштитата на животната средина, локалниот развој, климатските промени и енергијата, притоа не оставајќи никој зад себе. Ставаме посебен акцент на социјалната инклузија и претприемништвото кои се тематски линк во сите наши активности. Во изминатата година ја зајакнавме соработката со регионалните центри – Центрите за развој на Пелагонискиот плански регион, Вардарскиот плански регион и Скопскиот плански регион; единиците на локална самоуправа – општините Радовиш, Ѓорче Петров, Карпош, Шуто Оризари, Бутел, Сопиште и Босилеград од Србија. Продолжуваме да ја јакнеме и соработката со повеќе национални институции релевантни за нашата работа, како на пример Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за енергетика и други.

# 9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Секторот за финансии администрација на ЦеПроСАРД се состои од 2 одделенија: за административни работи и човечки ресурси и за финансиско управување.

## 9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за административни работи и човечки ресурси во текот на 2021 година совесно и со сопствени ресурси ги реализираше трите основни фуккции:
а) ги вршеше административните работи и архивското и канцелариско работење,
б) ги следеше јавните набавки и
в) го развиваше и одржуваше информатичкиот систем.

## 9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Одделението за финансиски работи продолжи да работи со подеднаква посвееност како и во предходните години. Одделот освен што го подготвува и следи годишниот буџетот на здружението, учествуваше и во подготовка на проектни апликации како и во изработка на буџети во рамки на проектните апликации.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2021 ГОДИНА**

| ОПИС | ИЗНОС |
|---|---:|
| **АКТИВА (СРЕДСТВА)** | |
| АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | *947.933* |
| нематеријални | -- |
| материјални | 947.933 |
| – опрема | 947.933 |
| ВКУПНИ ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | 947.933 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕРСМЕТКОВНИ СМЕТКИ | *24.123.152* |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 18.623.786 |
| – жиро сметка | 2.787.428 |
| – благајна | -- |
| – девизна сметка | 15.836.358 |
| КУПУВАЧИ | 1.776.441 |
| ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2.000 |
| АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 3.720.925 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | 25.071.085 |
| **ПАСИВА (ОБВРСКИ И КАПИТАЛ)** | |
| ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 947.933 |
| – деловен фонд | 947.933 |
| – ревалоризациона резерва | -- |
| ВКУПНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 947.933 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.722.926 |
| – добавувачи | 700.150 |
| – обврски кон државата | 5.185 |
| – краткорочни финансиски обврски | 3.017.591 |
| – други краткорочни обврски | -- |
| – обврски за плати | -- |
| ВКУПНИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.722.926 |
| ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 20.400.226 |
| – дел од вишокот од приходите пренесени во наредната година | 18.623.785 |
| – други пасивни временски разграничувања | 1.776.441 |
| ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМ. РАЗГРАНИЧУВАЊА | 20.400.226 |
| РЕЗЕРВЕН ФОНД | -- |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | 25.071.085 |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2021 ГОДИНА**

| **ПРИХОДИ** | **ИЗНОС** |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ | 2.761.367 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ | 30.734.826 |
| ДРУГИ ПРИХОДИ | -- |
| ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА | 1.441.246 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 34.937.439 |
| **РАСХОДИ** | **ИЗНОС** |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 7.332.020 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ | 3.955.529 |
| ДРУГИ РАСХОДИ | 4.540.274 |
| СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 485.831 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 16313654 |
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ** | 18.623.785 |
| **В К У П Н О** | 34.937.439 |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2021 ГОДИНА




